Друштво за управување со отпад
**НУЛА ОТПАД** ДОО
Бр. 03-1439/1
26.12.2022
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0903-67/19
14.12.2022 год.

Согласно член 33 од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (Сл. Весник на РСМ бр. 176/2021) и согласно член 42 став 4 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (Сл.Весник на РСМбр.215/2021) на ден 14.12.2022 година склучен е

# ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА
# ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ

Помеѓу:

**1.** НУЛА ОТПАД ДОО Скопје, со седиште на ул. Јосиф Јосифовски Свештарот бр. 37/2, 1000 Скопје

ЕДБ: 4032012518645
Ж-сметка:200002491423070
Депонент на: Стопанска Банка АД Скопје
Застапувано од управителот Марјанчо Дамески, во понатамошниот текст како НУЛА ОТПАД ДОО Скопје

**2. Општина** Свети Николе,
Градоначалник на Општина Свети Николе: Дејан Владев
ЕДБ: 4025005108702
ж-ска: 763014076263010
Депонент: НБРМ

НУЛА ОТПАД ДОО Скопје е правно лице кое согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад е регистрирано како колективен постапувач за управување со отпадни батерии и акумулатори согласно Решение УП1-11/2-1998/2021 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Член 1**

Предмет на овој Договор е соработка за ефикасно организирање на собирање на отпадот од батерии и акумулатори.

**Член 2**

Согласно овој Договор, двете договорни страни се должни преку взаемната соработка да создадат ефикасен и економски одржлив систем за собирање, селектирање, рециклирање, преработка и отстранување на отпадот од батерии и акумулатори на подрачјето (територија) на Општината Свети Николе.

**Член 3**

Двете страни се обврзуваат дека согласно *Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори* ќе соработуваат на проекти од взаемен интерес со цел обезбедување собирни места и центри кои ќе бидат уредени на таков начин што ќе се овозможи крајните корисници да го оставаат отпадот од батерии

и акумулатори и во случај кога превземањето на отпадот од батерии и акумулатори не е обезбедено, непосредно кај крајните корисници или кај последните доставувачи.

**Член 4**

Двете договорни страни се обврзуваат на соодветен начин да ја информираат јавноста и крајните корисници за намената и целите од собирањето како и правилното постапување со отпадот од батерии и акумулатори, можностите за бесплатно предавање и враќање, можностите за рециклирање и преработка на отпадот од батери и акумулатори, како и за адресите за собирните места и центри во Општината Свети Николе
каде што се врши собирање на отпадот од батерии и акумулатори.

**Член 5**

Двете договорни страни се согласни, преку взаемна соработка во областа што претставува предмет на овој Договор да ги исполнат националните цели уредени во член 18 од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори

**Член 6**

Договорните страни се согласни меѓусебните права и обврски, условите и начинот на воведување на одделното собирање и третман на отпадот од батерии и акумулатори како и видот на отпадот од батерии и акумулатори, видот на системот за собирање, начинот на финансирање и покривање на трошоци како и други прашања од заеднички интерес, детално да ги уредат со Анекс на овој Договор.

**Член 7**

Овој Договор се склучува на неопределено време.

Доколку една од договорните страни сака да го раскине Договорот, должна е да го почитува отказниот рок кој изнесува 60 дена.

**Член 8**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат позитивните законски прописи.

**Член 9**

Евентуалните спорови помеѓу договорните страни треба да се решаваат на мирен начин, а доколку тоа е невозможно, спорот ќе се решава пред Основен суд Скопје 2, Скопје.

**Член 10**

Договорот е составен во 4 идентични примероци, од кои по два (2) за секоја договорните страни.

***ДОГОВОРНИ СТРАНИ:***

**НУЛА ОТПАД ДОО Скопје**

Друштво за управување со отпад
Нула Отпад
НУЛА ОТПАД ДОО СКОПЈЕ

**Градоначалник на Општина Свети Николе**

Дејан Владев

Друштво за управување со отпад
НУЛА ОТПАД ДОО
Бр. 03-1440/1
26.12 2022
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0903-67/18
14.12.2022 год.

Согласно член 19 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Сл. Весник на РСМ бр. 176/2021) и согласно член 42 став 4 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (Сл.Весник на РСМбр.215/2021) на ден 14.12.2022 година склучен е

**ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА**
**ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА**

**Помеѓу:**

**1.** НУЛА ОТПАД ДОО Скопје, со седиште на ул. Јосиф Јосифовски Свештарот бр.37/2, 1000 Скопје

ЕДБ: 4032012518645
Ж-сметка:200002491423070
Депонент на: Стопанска Банка АД Скопје
Застапувано од управителот Марјанчо Дамески, во понатамошниот текст како НУЛА ОТПАД ДОО Скопје

**2. Општина** Свети Николе,
Градоначалник на Општина Свети Николе: Дејан Владев
ЕДБ: 4025005108702
ж-ска: 763014076263010
Депонент: НБРМ

НУЛА ОТПАД ДОО Скопје е правно лице кое согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад е регистрирано како колективен постапувач за управување со отпад од електрична и електронска опрема согласно Решение УП1-11/2-1997/2021 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Член 1**

Предмет на овој Договор е соработка за ефикасно организирање на собирање на отпадна електрична и електоронска опрема на територијата на подрачјето на Општината.

**Член 2**

Согласно овој Договор, двете договорни страни се должни преку взаемната соработка да создадат ефикасен и економски одржлив систем за собирање, селектирање, рециклирање, преработка и отстранување на отпадна електрична и електорнска опрема на подрачјето (територија) на Општината Свети Николе.

**Член 3**

Двете страни се обврзуваат дека согласно Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема ќе соработуваат на проекти од взаемен интерес со цел обезбедување собирни места и центри кои ќе бидат уредени на таков начин што ќе се овозможи крајните корисници да го оставаат отпадот од електрична и електорнска опрема и во случај кога превземањето на

отпадната електрична и електоронска опрема не е обезбедено, непосредно кај крајните корисници или кај последните доставувачи.

**Член 4**

Двете договорни страни се обврзуваат на соодветен начин да ја информираат јавноста и крајните корисници за намената и целите од собирањето како и правилното постапување со отпадна електрична и електорнска опрема и можностите за бесплатно предавање и враќање, можностите за рециклирање и преработка на отпадната електрична и електорнска опрема, како и за адресите за собирните места и центри во Општината Свети Николе каде што се врши собирање на отпадна електрична и електоронска опрема.

**Член 5**

Двете договорни страни се согласни, преку взаемна соработка во областа што претставува предмет на овој Договор да ги исполнат националните цели уредени во чл. 22 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.

**Член 6**

Договорните страни се согласни меѓусебните права и обврски, условите и начинот на воведување на одделното собирање и третман на отпадна електрична и електоронска опрема, како и видот на отпадна електрична и електоронска опрема, видот на системот за собирање, начинот на финансирање и покривање на трошоци како и други прашања од заеднички интерес, детално да ги уредат со Анекс на овој Договор.

**Член 7**

Овој Договор се склучува на неопределено време.

Доколку една од договорните страни сака да го раскине Договорот, должна е да го почитува отказниот рок кој изнесува 60 дена.

**Член 8**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат позитивните законски прописи.

**Член 9**

Евентуалните спорови помеѓу договорните страни треба да се решаваат на мирен начин, а доколку тоа е невозможно, спорот ќе се решава пред Основен суд Скопје 2, Скопје.

**Член 10**

Договорот е составен во 4 идентични примероци, од кои по два (2) за секоја договорните страни.

***ДОГОВОРНИ СТРАНИ:***

| НУЛА ОТПАД ДОО Скопје | Градоначалник<br>на Општина Свети Николе |
|---|---|
| ____________________ | ____________________<br>Дејан Владев |

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0903-671/1
30.01. 2023 год.

Друштво за управување со пакување и отпад од пакување
ПАКОМАК ДОО
Бр. 03-1106
17.02. 2023 год.
СКОПЈЕ

ЈКП ... ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛЕЦ П.О.
Бр. 0307-66
03.02. 2023 год.



# ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА И ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Склучен на ден 30. 01. 2023 година, помеѓу:

1. **Општина Свети Николе**
со седиште на Плоштад Илинден бб Свети Николе
застапувано од Градоначалник Дејан Владев
ДБ: МК 4025005108702
ж-ска: 100000000063095
Депонент: НБРМ
(во понатамошниот текст - корисник на услуга)

2. **ЈКП Комуналец Свети Николе**
со седиште на ул.Карпошева бб Свети Николе
застапувано од директорот Зоран Јорданов
ДБ: МК 4025006108960
ж-ска: 240310000937179
Депонент: УНИ БАНКА
(во понатамошниот текст - корисник на услуга)

3. **Друштво за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје**
со седиште на бул. „Партизански одреди", Порта Влае блок 4, Скопје
застапувано од Управителот Ивановски Филип
ж-ска: 250 001 002 708705
ДБ: МК 4057010510526
Депонент: ШПАРКАССЕ Банка
(во понатамошниот текст - давател на услуга)

## Предмет на договор

### Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на правата и обврските помеѓу договорните страни во врска со постапување односно организирање на одделно собирање на отпад од пакување кој претставува комунален отпад на територијата на Општина Свети Николе.

## Воспоставување на систем на управување со отпад од пакување

### Член 2

Договорните страни се согласни за реализација на целите од член 1 од овој Договор, секоја во рамките на своите надлежности, да воспостави систем за целосно, ефикасно,

економски оправдано и одржливо интегрално управување и постапување со отпад од пакување - собирање, селектирање, транспортирање, рециклирање, преработка и отстранување на отпадот - Систем на управување.

**Распределба на обврски на договорните страни**

*Обврски на Општина Свети Николе*

**Член 3**

Во согласност со Член 32 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (ЗУПОП) Општина Свети Николе е должна да обезбеди услови за селектирање и управување со посебните текови на отпад вклучително и отпадот од пакување преку:

- организирање на одделното собирање на отпадот од пакување од домаќинствата,
- организирање на собирање на отпадот од пакување од домаќинствата од страна на овластениот давател на услуги за собирање на комунален отпад, како одделна собрана фракција на комунален отпад,
-определување и организирње на собирни пунктови за одделно собирање на отпадот од пакување од домаќинствата во собирни центри или други времено определени места за таа намена, каде крајните корисници ќе можат бесплатно да го оставаат отпадот од пакување од домаќинствата.
- определува како да се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни, начинот на редовно преземање на отпадот од пакување, начинот на информирање на јавноста за собирните центри и други локации за преземање на отпадот од пакување, начинот на покривање на трошоците од работењето на сите засегнати страни во порцесот на управувањето со отпадот од пакување и други прашања од заеднички интерес.

Во согласност со Законот за управување со отпад (ЗУО) Општина Свети Николе е должна да ги дефинира целите што треба да се постигнат во процесот на управување со отпадот во однос на подготовката за повторна употреба, рециклирање, преработка и одстранување на отпадот како и временските рокови за нивно спроведување.

Во согласност со Член 42, став 1 и став 3 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (ЗПОПУПТО), Градоначалникот ги остварува обврските во врска со организираното управување со отпад од пакување во соработка со колективен/ни посптапувач/и, како и во соработка со давател на услуга кое согласно Законот за управување со отпадот е овластено за давање на јавна услуга за собирање на отпадот од домаќинствата на подрачјето на општината.

**Член 4**

Заради остварување на погоре цитираните обврски Општина Свети Николе заедно со ЈКП Комуналец Свети Николе се обврзува да обезбеди собирање на минимални количини на отпад од пакување од територијата на Општина Свети Николе дефинирани по години и по тип на отпад на пакување во тони, кои ПАКОМАК ДОО Скопје треба да ги евидентира во својот управувачки систем со отпад од пакување, согласно динамиката дадена во табелата.

| *година* | *пластика (ПЕТ, најлон, фолија)- ( тони)* | *хартија/картон (тони)* | *стакло (шишиња, тегли) (тони)* |
|---|---|---|---|
| 2023 | 3 | 3 | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2024 | 4 | 4 | 4 |
| 2025 | 6 | 6 | 6 |

Општина Свети Николе се обврзува, во координација со ЈКП Комуналец Свети Николе да го утврди распоредот на локации на територија на Општина Свети Николе на кои ќе биде поставена опремата за одвоено собирање на отпад од пакување.

Општина Свети Николе се обврзува со ПАКОМАК ДОО Скопје да склучи договор/и за користење на опремата за селектирано собирање на отпад од пакување .

Општина Свети Николе во соработка со ПАКОМАК ДОО Скопје се обрзува да учествува во кампањи за подигање на јавната свест во врска со целите и придобивките од собирање и селекција на отпадот од пакување како и правилното постапување со истиот односно неговата преработка и рециклирање

Општина Свети Николе заедно со ЈКП Комуналец Свети Николе и со соодветниот општински инспекциски надзор се обврзува да води грижа за зачувување од оштетување и несовесно користење на дадената на користење на опрема од страна на ПАКОМАК на Општина Свети Николе.

Општина Свети Николе е согласна за отпадот од пакување и сервивирање на опремата за која нема да биде во можност да се организира собирање, селекција и транспорт од страна на ЈКП Комуналец Свети Николе, тоа да се довери на правно лице назначено од ПАКОМАК ДОО Скопје кое е потребно да поседува соодветна дозвола издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање .

*Обврски ПАКОМАК ДОО Скопје*

**Член 5**

Согласно Член 42, став 3 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (ЗПОУПТО), Пакомак се обврзува во исполнувањето на обврските од ставот (1) од истоимениот член да соработува со давателот на услугата кое согласно Законот е правно лице овластено за давање на јавна сервисна услуга за собирање на отпадот од домаќинствата на подрачјето на територијата на Општина Свети Николе.

ПАКОМАК ДОО Скопје ќе склучи Договор/и за користење на опрема за селектирано собирање на отпад од пакување со Општина Свети Николе, соодветно за секоја година согласно динамиката дадена во табелата од став 1 од овој член.

Заради поефикасно собирање на отпадот од пакување, ПАКОМАК ДОО Скопје ја утврдува следнава динамика на поставување на опрема по тип, број на парчиња и година :

| **година** | **Зелена пластична канта од 120 lit за собирање на ПЕТ амбалажа, Al-лименки и хартија** |
|---|---|
| **2023** | **80** |
| **2024** | **80** |
| **2025** | **80** |

ПАКОМАК ДОО Скопје се обрзува да учествува во кампањи за подигање на јавна свест во врска со целите и придобивките од собирањето и селекција на отпадот од пакување како и правилното постапување со истиот односно неговата преработка и рециклирање.

*Начин на плаќање*

**Член 6**

ПАКОМАК ДОО Скопје се обврзува на ЈКП Комуналец Свети Николе да му плаќа надоместок за собирање, селекција и транспорт на отпад од пакување по тип на отпад од пакување и по тон во денари без вклучен ДДВ од 5%, на следниов начин и под следниве услови:

| *Тип на отпад од пакување* | *Единечна цена по тон во (ден) без ДДВ од 5%* |
|---|---|
| *ПЕТ и лименка* | *575 ден /тон* |
| *Хартија и композит* | *400 ден /тон* |
| *Стакло* | *800 ден /тон* |

Валутата за изготвената фактура кон ПАКОМАК треба да биде 30 дена.
Валутата за плаќање на доставената фактура е 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Член 7**

ПАКОМАК има право согласно чл. 4 ст. 6 на овој договор да назначи правно лице кое ќе поседува соодветна дозвола издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање кое ќе врши сервисирање на спеицијализираните игло контејнери за собирање на отпад од пакување на територија на Општина Свети Николе за која опрема Општина Свети Николе и ЈКП Комуналец Свети Николе се во можност да обезбедат соодветно специјализирано возило. Од моментот кога Општина Свети Николе и ЈКП Комуналец Свети Николе ќе го обезбедат соодветното специјализирано возило за сервисирање на специјализираните игло контејнери истото ќе ја превземе обврската за сервисирање и редовно празенење на игло контејнерите

ПАКОМАК го задржува правото да не ја исполни одредбата од Член 4 став 3 од овој Договор која се однесува на динамиката на поставување на опрема доколку Општина Свети Николе не успее да ги собере соодветно количините на отпад од пакување дефинирани во Член 3 (табела со динамика на собрани минимални годишни количини на отпад од пакување по фракција).

ПАКОМАК го задржува правото да ја повлече од територијата на Општина Свети Николе дадената на користење опрема за собирање на отпад доколку од заедничкиот спроведен инсепкциски надзор со претаставници од трите засегнати страни од овој Договор се констатира злоупотреба на истата, нејзино уништување и не соодветно користење од страна на граѓаните на општина Свети Николе.

*Обврски на ЈКП Комуналец Свети Николе*

**Член 8**

ЈКП Комуналец Свети Николе е потребно задолжително да поседува Дозвола за собирање и транспортирање на неопасен отпад и Дозвола за складирање, третман и/или преработка на неопасен отпад, издадечи од Министерство за животна средина и просторно планирање.

ЈКП Комуналец Свети Николе се обврзува количините на собран и транспортиран отпад собран од садовите кои на Општина Свети Николе им ги има дадено на користење

ПАКОМАК, уредно да ги евидентира на Транспортен формулар единсветно во управуавчкиот систем на отпад од пакување кој е управуван од стана на ПАКОМАК ДОО Скопје.

ЈКП Комуналец Свети Николе се обврзува за секој реазлизиран транспорт на отпад од пакување да изготви *Транспортен формулар* во 5 (пет) примероци до ПАКОМАК ДОО Скопје.

Транспортниот формулар за отпад при превземањето на отпадот од пакување мора своерачно да биде потпишан и заверен со печат на соодветно место од *Поседувачот* на отпадот, компанијата *Собирач/Транспортер* на отпадот и компанијата *Краен поседувач* на отпадот од пакување.

**Член 9**

ЈКП Комуналец Свети Николе се обврзува, во координација со Општина Свети Николе да го утврди распоредот на локации на територија на Општина Свети Николе на кои ќе биде поставена опремата за одвоено собирање на отпад од пакување.

ЈКП Комуналец Свети Николе се обврзува опремата за одвоено собирање на отпад од пакување да ја постави на претходно утврдените локации на начин согласно ставот 1 од овој член, и редовно да ги сервисира собирните пунктови.

ЈКП Комуналец Свети Николе се обврзува совесно да ја сервисира и води грижа за опремата за одвоено собирање на отпад од пакување, согласно член 5, став 3 од овој Договор.

**Завршни одредби**

**Член 10**

Договорните страни имаат право еднострано да го раскинат Договорот во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна најмалку 60 (шеесет) дена пред бараниот датум на раскинување.

Овој Договор може да биде раскинат со писмено известување за раскинување од секоја од договорните страни во секое време без дополнителен отказен рок доколку било која од договорните страни прекрши една или повеќе од своите обврски утврдени со овој Договор, а прекршокот не е поправен во рок од 8 (осум) работни дена по известувањето добиено во писмена форма од совесната договорна страна.

**Член 11**

Измени и дополнување на овој Договор може да се направат само во писмена форма со взаемна согласност на договорните страни.

**Член 12**

Сите идни измени и дополнувања на законските одредби кои директно влијаат на правата и обврските на договорни страни на овој Договор ќе бидат автоматски имплементирани во овој Договор, за што се согласни и договорните страни.

**Член 13**

За сето она што не е предвидено со овој Договор при реализација на истиот ќе бидат применети позитивните законски прописи важечки во Република Северна Македонија.

**Член 14**

Секој спор што ќе произлезе од или во врска со овој Договор, договорните страни ќе се обидат најпрво да го разрешат спогодбено со меѓусебни преговори.

Доколку договорните страни спорот не го решат спогодбено, надлежен за решавање е Основен суд во Скопје.

**Член 15**

Овој Договор се склучува со времетраење до 31.12.2025 година.
Договорот стапува на сила од моментот на неговото потпишување.

**Член 16**

Договорот е составен во 6 (шест) идентични примероци, од кои по 2 (два) за секоја од договорните страни

***ДОГОВОРНИ СТРАНИ:***

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник**

______________________

**ПАКОМАК ДОО СКОПЈЕ**
**Управител**
**Филип Ивановски**

______________________

**ЈКП Комуналец Свети Николе**
**Директор**

______________________